UPRAVEN SUD NA
REPUBLIKA SEVERNA
MAKEDONIJA Skopje
2026.11.26 12:06

УПРК.бр.8/2026

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Имсале Хасани , како судија поединец со записничар м-р Наташа Кузмановска – судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот „МАКПЕТРОЛ“А.Д.Скопје, поднесена против Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок, вредност на спорот 40.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 24.09.2026 година, во присуство на полномошниците на тужителот Ивана Јованоска - Стојиљковиќ, вработена кај тужителот и Ѓорѓи Ѓорѓиевски од Скопје,на овластени претставници на туженият орган Надица Четорошка од Скопје и Борче Размоски од Скопје и на заинтересиранто лице Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, преку полномошник - Менаџер за правни работи, Емилија Ефтимова-Спасеска од Скопје, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 01.10.2026година, ја донесе и јавно ја објави следната:

I.
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот „МАКПЕТРОЛ“А.Д. Скопје, поднесена против Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците направени во текот на постапката, СЕ ОДБИВА.

Во управен спор секоја странка сама ги поднесува своите трошоци во постапката.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспорениот Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, се отфрла Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, поднесено од „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, против Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, заради утврдување евентуален прекршок од член 11 став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно член 37 став (1) и став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи од прибраните податоци и извршена анализа не произлегува дека постои индиции за постоење на злоупотреба на доминантна позиција опишано во Барањето.

Незадоволни од решението на туженият орган, тужителите поведоа управен спор со предлог истото да се поништи поради суштествени повреди на одредбите на постапката, нецелосно и неправилно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека туженият орган при донесување на оспорениот Заклучок сторил повреда на основното начело на утврдување на материјалната висина пропишано во член 10 став 1, член 56 став 1, а в.в со член 88 став 4 од Законот за општа управна постапка, поради тоа што заклучокот воопшто не содржи причини поради кои што врз основа на утврдените факти истиот е донесен. Во продолжение наведува дека недозволиво и спротивно на закон е постапувањето на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, кој едностранo, неосновано и неаргументирано го зголемил износот на надомест за користење на доделено земјиште, согласно Оперативен договор од 2017 година, а кој износ во споредба со претходно договорениот од 1000,00 денари месечно, изнесува 22.753 евра, а по обемна меѓусебна коресподенција тужителот бил приморан да склучи договор на износ од 18.202,00 евра. Имено, тужителот наведува дека со Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ започнал деловна соработка врз основа на иницијално склучен оперативен договор уште во 2010 година, врз основа на кој на тужителот како сопственик на станица за снабдување на гориво за воздухоплови со сите постројки, му било доделено на користење земјиште во површина од 3750 м2, неопходно за функционирање на станицата, и за истото тужителот без надомест. Сега тужителот плаќал надоместок за правото на учество на пазарот на снабдување со гориво на воздухоплови на Меѓународниот аеродром Скопје на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, во висина од 5% од бруто приходите на тужителот согласно одредбите од Оперативниот договор од 2010 година, поради што во последните 10 години бил исплатен вкупен износ од 427.610.443,00 денари. Наведува дека ваквото едностранo, неосновано, неаргументирано, необразложено зголемување на надоместокот за користење на доделеното земјиште износот е зголемен 1.348 пати. Со ваквиот начин на постапување на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ при енормно зголемување на надоместокот за

користење на доделеното земјиште, без да ги има во предвид пазарните услови и без да употреби критериуми кои ќе доведат до објективно, пазарно определување на зголемување на надоместокот, наведува дека индиректно на тужителот му биле наметнати нефер повисоки продажни цени, односно нефер услови на тргување, на начин што бил принуден да го прифати зголемувањето на цената во случај да сака да биде учесник на пазарот за снабдување со гориво. Понатму наведува дека ваквиот начин на постапување на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, кога користи единствено и ексклузивно право да определува кому ќе му се дадат на користење, управување и одржување на Меѓународниот аеродром Скопје и аеродромот „Свети Апостол Павле“ Охрид, и истиот нема конкуренти на релевантниот географски пазар, посочува на уживање на доминантна позиција од негова страна. Истовремено и покачувањето на цените за надоместокот за користење на доделеното земјиште од страна на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ без претходно известување, само со доставување Извесување за промен на Ценовник на аеродромски и други услуги на Меѓународниот аеродром Скопје, посочува на постоење на злоупотреба на неговата доминантна позиција на начин што индиректно наметнува повисоки цени односно на нефер услови за тргување, и со самото тоа сторил повреда на одредбите од член 11 став 2 точка 1 вв со член 10 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, како и во врска со сторен прекршок од член 59 став 1 точка 2 од истиот закон.Во тужбата истакнува дека од наведеното произлегува и незаконитоста на одлучување на туженият орган, кога при одлучување со оспорениот Заклучок туженият орган воопшто не утврдувал фактичка состојба, а наоѓа дека по анализа на прибавените податоци, информации и документација не утврдил постоење на договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Понатаму наведува дека се повредени начелата и одредби од Законот за општата управна постапка, како и процесните одредби од Законот за заштита на конкуренцијата. Тужителот посебно истакнува дека од страна на туженият орган во оспорениот заклучок навел причини кои се однесуваат на утврдување на непостоење на нарушување на конкуренцијата по сите други основи содржани во законот, освен по основот кој тужителот го навел во известувањето, односно нарушување на конкуренцијата како последица на непостапување спротивно на член 11 став 2 точка 1 а во врска со член 10 став 1 точла 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, со што би се утврдило дали постојат обележјата на прекршокот од член 59 став 1 точка 2 од законот. Наведе и дека туженият орган ја немал предвид праксата на Судот на правдата на Европската Унија и не пристапил кон примена на стандардите кои Европската комисија и Судот на правдата на Европската Унија ги применуваат при оценување дали определено однесување на претпријатијата кои имаат доминантна позиција на релевантен пазар, ја нарушува конкуренцијата преку наметнување на нефер цени и/или нефер

услови за тргување. Предложи тужбата да се уважи, а оспорениот заклучок поништи.

Туженият орган до овој Суд ги достави списите што се однесуваат по предметот и достави одговор на тужба со кој ги оспори тужбените наводи, а во истиот дава образложени причини за одлуката како и кои клучни факти биле од решително значење за донесување на оспорениот заклучок. Туженият орган наведе дека оспорениот Заклучок е донесен по спроведена постапка во која биле обезбедени и анализирани сите релевантни докази доставени од двете страни, при што КОП целосно, правилно и објективно ја утврдил фактичката состојба и врз таа основа, соодветно го применил материјалното право и следствено на тоа, не постоела никаква повреда на правилата на постапката, ниту пак погрешна примена на материјалниот закон. По однос на тужбените наводи дека туженият орган треба да го има во предвид судската пракса од Европскиот Суд United Brands, туженият орган истите ги смета како неосновани од причина што токму предметот United Brands упатува на потребата од постоење на јасни економски докази за диспропорција помеѓу цената и економската вредност на услугата, што во конкретниот случај не е утврден. Поради наведенто му предложи на Судот да донесе пресуда со која ќе ја одбие тужбата на тужителот како неоснована и во целост ќе го потврди Заклучокот ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година.

Судот го достави одговорот на тужба до тужителот, со цел да се запознае со неговата содржина, по кој истиот се произнесе со Поднесок бр.0306-960/1 од 24.09.2026 година, во кој ги оспори во целост наводи на туженият орган, потенцира дека туженият оган не ја утврдил фактичката состојба врз основа на целокупниот доказе материјал, туку врз основа на селективно избрани докази бидејчи дел од предложените и доставените докази неценети и дел од доказите воопшто не биле прибавени.

Тужбата на одговор и одговор на тужба на туженият орган беше доставен и до заинтересираното лице Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, по кој истиот се произнел со Одговор на тужба бр.03-803/2 од 21.07.2026 година, примен во Судот на ден 28.07.2026 година, со кои ги оспорува во целост тужбените наводи на тужителот и наведе дека туженият орган правилно одлучил кога со оспореното Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, ја отфрли Барањето за поведување на прекршочна постапка П.П.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, поднесено од МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, против Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, заради утврдување евентуален прекршок од член 11 став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно член 37 став (1) и став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи од прибраните податоци и извршена анализа не произлегува дека постои индиции за постоење на злоупотреба на доминантна позиција опишано во Барањето. Поради наведенто предложи тужбата на тужителот да биде одбиена како неоснована.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот, откако оцени дека се исполнети законските услови за водење на управен спор, за ден 24.09.2026 година, закажа и одржа усна јавна расправа во присуство на полномошниците на тужителот Ивана Јованоска - Стојиљковиќ, вработена кај тужителот и Ѓорѓи Ѓорѓиевски од Скопје, на овластени претставници на туженият орган Надица Четорошка од Скопје и Борче Размоски од Скопје и на заинтересиранто лице Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, преку полномошник - Менаџер за правни работи, Емилија Ефтимова-Спасеска од Скопје, а согласно член 40 став 3 од Законот за управни спорови

На одржаната јавна расправа на ден 24.09.2026 година, полномошникот на тужителот Ивана Јованоска-Стојиљковиќ, истакнува дека останува во целост кон наводите истакнати во предтходната постапка УПРК. бр.8/2025 , наводи истакнати во тужбата, наводите на Заописник од 27.08.2026 година и на денес доставениот поднесок. Од доставениоте докази од страна на туженият орган неспорно произлегува дека истиот нецелосно ја утврдил фактичката состојба, така што воопшто не го прибавил ценовникот за еродромски и други услуги, а извлекувал заклучоци од овој доказ. Воедно туженият орган иако поставил прашање доставил заклучок до ТАВ Македонија ДОО Мралино и не добил одговор ниту докази за доставните прашања, не направил обид за добивање на сите докази и правилно утврдена фактичката состојба. Покрај тоа и во повторената постапка не го прибавив предметниот ценовник, не утврдил ниту доказжал од каде призлегува на правото на концесионер за донесување на дконкретните одлуки за утфврдување на висината на надоместокот. Извлекол заклучок дека нема посебна постапка за намалување попуст во ценовникот, а таков ценоцник воопшто не постои во списите на предметот. При утврдување на фактичката состојба пропуштил да ја земе во предвид доствената листа на моментални листа на корисници на услуги за закуп на простор /површини од која неспорно призлегува дека површината дадена на Макпетрол е 4 пати поголема од таа ЕКСФИЗ Македонија и 120 пати поголема површина од GLOBAL - другиот корисник. Ова само го докажува фактот дека Макпетрол како сопственик на објекти и тоа резервари и деловне простор е приморе да биде корисник на тоа земјиште. Наспротив ваквото неценење на вакви круцијални докази спротино на ЗОУП го има во рпдвид текстот насловен како Анализа на цени за закуп на површина од контролиратна зона на Маѓународен аеродром Скопје кое е без потпис , печат, не се зане кој го изготвил, не кој е означено дека е документ за интерна употреба. Со ваквото селективно и нецелосно утврдувае на фактичката состојба резултира од туженият орган погршено ја примени материјалното прави и да донесе незаконито заклучок. Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека од изведените докази и наводите истакантио на рочиште од срана на туженият орган и занитересиранот лице, неспорно произлегува дека и повтроната постапка туженият орган не постапил по насоките на Управниот суд дадени во пресудата УПРК. бр.8/2025 од 01.10.2025 година, така што селективно ги ценел доставните докази. При утврдување на фактичката состојба ја имал во предвид така наречената анализа на цени вбез да ја испита незината автентиочност и веродостојност, а не ја има во превид проценката изготвено од овластено лице согласно закон за вештачње. Се повикува на утврување на економска вреднсот на услугата а при тоа ниту во повторената постапка не го прибавил ценовникот за утврдување на надоместок. Исто така во однос на економската вредност на услугата не го утврдуил факто дали и колку им се наплаќа надоместок за точење на горивно на другите корисници покрај надоместоткот за костење на змејиштетоо. Во однос на

прашањето дека самата доменантна позиција не птреставува прекршок во конкретниот случај, од доказите неспорно произлегува дека заинтереснитанот лице врши злоупотреба на домуинатаната позиција на пазарот на начин што индиректно неметнува повисоки цени на учество на пазарот. Во однос на наводите дека туителот не доставил доказ дека зголемата цена влијаело на работењето или нананмалената добивка е ирелевансо на оваа постапка. Во однос на онаводите постоење и непостоњење на конкруранција дека бара утврдување на злоупотреба на доминанатната позиција на пазар што е различен прекршок од нарушување на конкруренција. Поради наведенто му предложи на судот да го усвои тужбенот барање на тужиелот во целост и да го поништи оспориот заклучок и да го врати предмето на повторно одлучувае или сам да ја реши правната работа. При што пресудта ќе ја замени во целост оспориот акт. Побара трошоци согласно писмениот трошковник.

На одржаната јавна расправа на ден 24.09.2026 година, овластен претставник на туженият орган Борче Размоски истакнува дека останува во целост на наводите изнесени во одговорот на тужбата, но имајќи во предвид и наводите изнесени во претходното рочиште и на денешното рочиште истакна неколку суштински работи. Имено во текот на целата постапка тужителот во голем дел прави замена на тези при што од факто дека ТАВ има доминантна позиција дека тужителот е сопственик на определни објекти и дека има потреба од користење на земјиштетот извлекува заклуичок дека самата висина на надоместокот претставува злоупотреба на доминантна позиција. Меѓутоа доминанатната позиција сама по себа не е забранета, она што треба да се докаже е нејзината злоупотреба во конкрретниот случај тужителот цело време трвди дека се работи за нефер и прекумерна цена, но не доствил ниту еден релевантен доказ со кој би се покажал дека предмтниот надоместок е економски неоправдан или дека постои занчителна диспропорција помеѓу цената и економската вредност на услугата. Туженият орган ги нализираше прибавените докази вклучително и компеативните податоци за Аеродроми во регионот како и фактот дека предметниот надоместок не се приемнува селективно кон тужителот при што утврди дека тужителот не е дискриминиран или ставен во понеповолна положба во однос на другите косисниц и на споредливи услуги. Во ова насока занчајна е околноста што самиот тужител прифатил закуп на цена со сличен износ за користење на површина на аеродромот во Охрид, што претставува дополнителен колективен индикатор релевантен за утврдување на пазарниот карактер на цената. Во однос на наовдите на тужителот декла е сопственик на објкетите потецира дека сопственоста на објектот и правото на користење на замјиштето се две различни прашања, факто дека тужителот има потреба да го користи земјиштеот може да ја објасни неговата деловна зависност од аеродромската инфраструктура, но сам во себе кажува дека цената на корстење на таа инфраструктура е нефер. Исто така прашањето дали ТАВ има основ соглано концесикиот договор да утврдува надоместоци е различно од прашањето дали висината на надоместокот претставува злоупотреба со смисла на чллен 11 став 2 точка 1 од ЗЗК. Предмет на ова постапка не решавање на имотно правен однос или концесиски спор, туку утврдување дали постојат доволно индиици за прекршок за постоење на конкуранција. Конечно во однос на достевнот вештачење од страна на тужителот смета дека неговата споредбена анализа не може да претставуа доволен доказ за нефер цена бидејќи споредува цени од различни подрачје и различни услови, а не цени на ист релеванте пазар односно коситење на површина во строго регулирана безбеднсота зона на Аеродромот. Во завршни зборови претставникот на туженият орган Борче Размоски, изјави декан останува во цеслот при наводите изнесени во одговорот на тужба и искажанот на јавна расправа. По анализа на сите прибавени докази не се утврдени доволно индиции кои би го поправдале вповедувањето на прркшочна постапка. Поради наведеното предложи судот да ја одбие тужбата како неосновано.

На одржаната јавна расправа на ден 24.09.2026 година, полномошник на заинтересираното лице Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, Емилија Ефтимова-Спасеска од Скопје, истакнува дека останuваме во целост при искажано во одговорот на тужба, целокупната документација изведена во постапката. Неспорно произлегува дека тужбата е неоснована и дека оспорениот заклучок на туженият е правилне и законит. Фактот дека не докажана залоупотреба на доминанатна позиција ниту е докажано постоење на нефер или прекумерни цени, не беше докажано исклуичување на конкурениот пазар, доказ е дека тужителот непречено продожил да ја врши својата дејност и по воведување на новиот ценовник. Тужителот не доствани доказ дека надоместот за закуп на земјиште влијаел на ннивната работа, ниту достави докази за загуби или неможснот за продолжување на дејност. Тужителот не понуди доказ дека Тав Македонија има различен третман за различните корисници на истата услуга. Неумесно е од страна на тужителот да споредува цени на Аеродром и во деловни простори и комерцијани во неселено место. Допонително прифатени без приговор е на истоти надомест за закуп на земјиште на Охридскиот аеродром. Очигледно е дека нема основ на наводите дека непрввилно и нецелонос било утврдено фактичката состојба бидејќи туженият ги прибрал сите релеватни докази и податоци и повторно дошол до истиот заклучок.Во завршни зборови полномошникот на заинтересиранот лице Емилија Ефтимова-Спасеска изјави дека споредбата на вештачење составен од вешто лице за факти нерелеватни во рпедметот кои носат потпис и печат, не би смеело да има поголема доказна моќ од детално спровендени анализи на релеватни пазари кои немат потпис и печат. Нагласи дека надоместот за точен на гориво е ист. Поради наведеното предложи судот тужбата да ја одбие како неоснвана и во целост да го потврди оспорениот заклучок.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: оспорено Заклучок број.09-34/2 од 12.02.2026 година, на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, Известување Бр.0302-4174/1 од 11.11.2024 година, Имотен лист број 1019 КО Мралино, Оперативен договор бр.03-273/1 од 29.03.2017 година, Прилог 1-Опис на доделениот простор, Анекс бр.1 кон оперативен договор бр.03-273/1 од 29.03.2017 година, Оперативен договор бр.03-1833/1 од 16.12.2010 година, Известување за промена на ценовник за аеродромски и други услуги на Меѓународен аеродром Скопје бр.02-584/2 од 24.06.2024 година, Допис од Макпетрол АД до ДТУ ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден бр.0502-2879 од 25.07.2024 година, Известување од ДТУ ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден до Макпетрол АД бр.03-584/5 од 31.07.2024 година, Одлука за измена на Ценовникот за аеродромски и други услуги на Меѓународен аеродром Скопје бр.02-208/1 од 31.12.2012 година, Објаснување во врска со допис бр.р.03-584/5 од 31.07.2024 година бр.0302-3237/1 од 27.06.2024 година, Известување и барање од Макпетрол АД бр.0302-3414 од 11.09.2024 година, Одговор и извесување по барање бр.02-584/9 од 12.09.2024 година, Извесување во врска со одговор од 01.10.2024 година, Анекс бр.2 кон оперативен Договор бр.03-273/1 од 29.03.2017 година, Проценка на недвижен имот од Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје од 31.10.2024 година, Заклучок од Комисија за заштита на конкуренцијата бр.09-61/3 од 14.03.2025 година,Известување и доставување на бараните информации бр.0302-1522/1 од 02.04.2025 година, Забелешки кон договорот за млазно гориво бр.0702-6864/1 од 17.08.2024 година, Фактура бр.С18114 од 11.03.2024 година, Фактура бр.С22972 од 13.11.2024 година, Договор за стекнување право за снабдување со гориво и мазиво на воздухоплови на Аеродром Скопје склучен на ден 01.09.2000 година, Понуда по јавен повик за снабдување со гориво 0702-1035/1 од 20.07.2000 година, Писмено произнесување од тужителотод 17.09.2025 година, Заклучок за прибавување податоци и документи од ТАВ Македонија ДООЕЛ Меѓународен аеродром Скопје бр.03-378/1 од 28.03.2025 година.Извештај за закупнина за недвижен имот КП.бр.12012 КО-Центар 1, Процена бр.П.VI171/2024 година, изготвена од Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје, Заклучок за прибавање на податоци од ТАВ ПП.бр.09-61/1 од 14.03.2025 година, Попратно писмо П.П.09-961/2 од 14.03.2025 година, Заклучок за прибавање на податоци од Макпетрол П.П.бр.09-61/3 од 14.03.2025 година, Одговор од Макпетрол ПП.бр.09-61/5 од 02.04.2025 година, Одговор од ТАВ ПП.бр.09-61/6 од 07.04.2025 година, Заклучок за отфрлање ПП.бр.09/61/7 од 30.04.2025 година, Попратно писмо за Заклучок ПП.бр.09-61/8 од 30.04.2025 година, Заклучок за прибавување податоци од ТАВ ПП.бр.09-61/15 од 26.12.2025 година, Попратно писмо за Заклучок ПП.бр.09-61/16 од 26.12.2025 година, Одговор од ТАВ ПП.бр.09-34/1 од 26.01.2026 година и попратно писмо за Заклучок ПП.бр.09-34/3 од 12.02.2026 година, Одогвор на тужба бр.09-34/5 под 16.03.2026 година, Одговор на тужба бр.03-803/2 од 21.07.2026 година и Поднесок бр.0306-

960 од 24.09.2026 година.

Управниот Судот, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита оспореното Заклучок во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Видно од списите во предметот произлегува сега тужителот „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, на ден 11.11.2024 година до Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, доставено Известувањето за постоење на околности кои укажуват на нарушување на конкуренцијата бр.0302-4174/1 од 11.11.2024 година, заведена кај органот под ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, против Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, а во врска со евентуално сторен прекршок согласно член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Кон Известувањето приложи докази, и тоа: Оперативен договор со Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, заведен под бр.0307-2575/1 од 30.03.2017 година, имотен лист бр.1019 КО Мралино, Анекс бр.1 кон Оперативниот договор бр.0307-2575/1 од 30.03.2017година, Оперативен договор склучрн помеѓу МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје и Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, Известување за промена на Ценовник на аеродромски и други услуги на Меѓународниот аеродром Скопје бр.0302-2493/1 од 26.06.2024 година, Одговор бр.0302-2879/1 од 25.07.2024 година, Анекс бр.2 кон Оперативниот договор и Известување бр.0302-3215/1 од 23.08.2024 година на ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино.

Постапувајќи по доставеното Известувањето за постоење на околности кои укажуваат на нарушување на конкуренцијата бр.0302-4174/1 од 11.11.2024 година, заведена кај органот под ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, туженият орган на ден 14.03.2025 година, донел Заклучок за прибавување на податоци и документи, по што било доставени сите податоци и барање до туженият орган. По вака претходна спроведена постапка туженият орган утврдил дека тужителот „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје е сопственик на деловен објект-станица за снабдување со гориво на воздухоплови за потребите на Меѓународниот аеродром Скопје, со внатрешна површина од 38 м2 и објекти- резервоари во вкупен волумен од 600 м3, запишани во сопственост на „Макпетрол“ А.Д. Скопје. Градежното земјиште, на кое е изграден наведениот објект, е запишано во сопственост на Република Северна Македонија, а правото на користење, управување и одржување на ова градежно земјиште е отстапено на Операторот на аеродром ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, врз основа на Договор за концесија за развој, финансирање, операции и одржување на аеродромот „Александар Велики“ Скопје и аеродром „Свети Апостол Павле“ Охрид и изградба на нов карго аеродром во Штип, склучен на ден 24.09.2008 година со Република Македонија. Тужителот со цел вршење на својата дејност трговија со горива на воздухоплови во рамки на Меѓународниот аеродром Скопје, склучил Оперативен договор со Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, заведен под бр.0307-2575/1 од 30.03.2017 година и кај операторот под бр.03-273/1 од 29.03.2017 година, согласно кој се стекнал со право да учествува во давање услуги на точење и снабдување со гориво на воздухопловите на Меѓународниот аеродром Скопје, заедно со останатите даватели на услуги. Истовремено, сега тужителот согласно цитираниот оперативен договор, за потребите на вршење на својата дејност се стекнал со неексклузивно право да врши дотур и точење на гориво, како и воедно да го одржува и управува објектот-станица за снабдување со гориво на воздухоплови и право да ги користи пристапните патишта на аеродромот. Со оглед на фактот што објектот-станица за снабдување со гориво на воздухоплови сопственост на „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, е изграден на земјиште во сопственост на државата, управувано од концесионерот Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ, произлегува неопходноста за доделување на дел од површината на градежното земјиште од 2923м2 означена како посебна КП.бр.1/16, со цел нормално функционирање на објектот на тужителот за вршење на својата дејност, а за чие користење во член 3 став 5 од Оперативниот договор бил предвиден надомест во износ од 1000,00 денари месечно по м2. На ден 26.06.2024 година од страна на ТАВ Македонија ДООЕЛ до „МАКПЕТРОЛ“А.Д. Скопје, било доставено Известување за промена на Ценовник на аеродромски и други услуги на Меѓународниот аеродром Скопје бр.0302-2493/1 од 26.06.2024 година, како и предлог-Анекс бр.2 кон Оперативниот договор, со кој се променува износот на надоместокот за доделена површина со претходно склучениот Оперативен договор, со кој месечниот надоместок за доделената површина изнесува 18.202,00

евра,зголемен за пресметаниот ддв данок. Промената на ценовникот од страна на ТАВ Македонија ДООЕЛ е извршена согласно Одлука за измена на Ценовникот за аеродромски услуги и други услуги бр.02-384/1 од 24.06.2024 година.

Постапувајќи по наведеното Известување, од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на ден 14.03.2025 година донесени се Заклучок ПП.бр.09-61/1 од 14.03.2025 година и Заклучок бр.09-61/3 од 14.03.2025 година, со кој Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ и сега тужителот „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје се задолжуваат да прибават и достават податоци и документи во врска со утврдување на веројатноста на постоење на околности кои ја нарушуваат конкуренцијата во случајот. По анализа на доставените и прибавени податоци, информации и документација, согласно Известување за постапување по заклучок од страна на „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје ПП.бр.09-61/5 од 02.04.2025 година, и Известување за постапување по заклучок од страна на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ ПП.бр.09-61/6 од 07.04.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата не утврдила постоење на околности чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.Исто така не биле утврдено постоење на сторен прекршок како резултат на склучен забранет договор или учество на претпријатието во договор, одлука или усогласено однесување во врска со член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата, а со кое се нарушува конкренцијата во смисла на член 7, а в.в со член 59 од истиот закон. Фактот што Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ ги утврдува цените на надоместоците во своите ценовници и ги применува и за останатите правни субјекти потврдува дека Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ не применува различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, како би ги ставил во понеповолна конкурентска позиција, и истото не претставува злоупотреба на доминатната позиција во смисла на член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Врз основа на вака претходно утврдената фактичка состојба, туженият орган на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок, врз основа на член 28 став 2, член 30 и 37 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, а в.в со член 59 став 1 точка 2 и член 10 и 11 од истиот закон, го донел сега оспориениот Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, со кое се отфрла Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, поднесено од „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, против Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден,Скопје, заради утврдување евентуален прекршок од член 11 став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно член 37 став (1) и став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата. Со образложение дека од прибраните податоци и извршена анализа не произлегува дека постои индиции за постоење на злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, што не се исполнети условите за поведување на прекршочна постапка согласн член 32 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Незадоволен од вака донесениот Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, останале сега тужителите кој го поведе предметниот управен спор.

Оценувајќи ја законитоста на донесениот Заклучок, Судот најде дека во конкретниот случај не е повреден законот на штета на тужителот, односно фактичката состојба е целосно и правилно утврдена и врз така утврдената фактичката состојба правилно е применето материјалното право.

Согласно член 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010; 136/2011, 41/2014, 53/16 и 83/18), цел на овој закон е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Согласно член 7 став 1 од истиот Закон, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги стават во

понеповолна конкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот. Согласно став 2 од истиот член, Договорите и одлуките или поединечните одредби од истите, кои се забранети согласно со ставот (1) од овој член, се ништовни. Согласно став 3, одредбите од ставот (1) од овој член нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои што: 1) не им наметнуваат на засегнатите претпријатијата ограничувања кои што не се неопходни за постигнувањето на тие цели и 2) не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање. Согласно став 4, по исклучок и кога е тоа потребно заради заштита на јавниот интерес при примена на член 7 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата може по службена должност, со решение да утврди дека овој член не се применува врз определен договор, одлука на здружение или усогласено однесување, бидејќи не се исполнети условите од член 7 став (1) или се исполнети условите од член 7 став 3 од овој закон.
Согласно член 10 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010; 136/2011, 41/2014, 53/16 и 83/18), едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид стоки и/или услуги: 1) нема конкуренти на релевантниот пазар или 2) во споредба со своите конкуренти има водечка позиција на релевантниот пазар, а особено со оглед на: пазарниот удел и позиција и/или финансиската моќ и/или - пристапот до изворите на набавка или на пазарот и/или - поврзаноста со другите претпријатија и/или- правните или фактичките пречки за влез на другите претпријатија на пазарот и/или - способноста за диктирање на пазарните услови со оглед на неговата понуда или побарувачка и/или - способноста за исклучување на другите конкуренти од пазарот со насочување кон други претпријатија. Согласно став 2 од истиот член, се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговиот удел на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40%, освен ако претпријатието не го докаже спротивното. Согласно став 3, се претпоставува дека две или повеќе правно независни претпријатија на определен релевантен пазар имаат заедничка доминатна позиција ако настапуваат или делуваат заеднички на релевантниот пазар.
Според член 11 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010; 136/2011, 41/2014, 53/16 и 83/18), забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Согласно став 2 Злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои

во случај на: директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите; примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се стават во понеповолна конкурентска позиција; условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот; неоправдано одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат стоки и/или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му се нанесе штета на тоа претпријатие; неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар. Согласно став 3 од истиот член, одредбата од ставот (2) точка 6) од овој член нема да се применува ако претпријатието со доминантна позиција докаже дека, заради оперативни или други причини, истовременото користење на неговата мрежа или на неговите инфраструктурни објекти не е возможно или дека тоа не може да се дозволи од оправдани причини.

Согласно член 37 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010; 136/2011, 41/2014, 53/16 и 83/18), предвидено дека ако Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за поведување постапка, барањето од член 34 од овој закон ќе го отфрли со заклучок. Согласно став 2 не постојат законски услови за поведување на постапка доколку: дејствието опишано во барањето не е прекршок; барањето го поднело лице кое нема легитимен интерес за утврдување на прекршок; барањето не е поткрепено со докази; настапила застареност на прекршочното гонење; однесувањето кое е предмет на барањето не доведува до значително нарушување на конкуренцијата или доколку не постои јавен интерес за водење на прекршочна постапка. Согласно став 3 Против заклучокот за отфрлање на барањето од став (1) од овој член не може да се поднесе жалба. Против таквиот заклучок може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред судот надлежен за одлучување по управен спор во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот. Согласно став 4 Заклучокот од став (1) од овој член не мора да содржи оценка на секој навод содржан во барањето за поведување постапка, но мора да содржи јасно наведени причини за отфрлање на барањето.

Согласно член 59 став 1 од Законот, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако: 1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон. 2) стори злоупотреба на доминантната позиција во смисла на член 11 од овој закон.

Согласно член 3 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови(Службен весник на РСМ.бр.96/19), е предвидено дека заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, Управниот суд во управни спорови одлучува за законитоста меѓу другото и на актите донесени во прекршочна постапка.

Според член 35 став 1 од наведениот Закон, законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Имено согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од погоре цитираниот закон, Судот ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите го донел сега оспорениот Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, со кое утврдил дека не се исполнети условите за поведување на прекршочна постапка, заради утврдување евентуален прекршок злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар, предвидено во член 11 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, при што врз основа на член 37 од Законот за заштита на конкуренцијата поради што го отфрла Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, поднесено од „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, против Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, заради утврдување евентуален прекршок од член 11 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Наведеното, од причина што по извршен увид во Известување и доставување на побарените информации заради постапување по Заклучок бр.09-61/3 од 14.03.2025 година, со прилозите кон истиот, доставено од тужителот МАКПЕТРОЛ“А.Д. Скопје и Достава на податоци согласно Заклучок за прибавување на податоци и документи бр.09-61/1 од 14.03.2025 година, со прилозите кон истиот, доставено од Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, неспорно произлегува дека во конкретниот случај дејствијата на Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје не претставува нарушување на конкуренцијата односно злоупотреба на доминантна позиција преку директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување. Оттука, произлегува дека не се исполнети условите за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок од член 11 ства 2 точка 1, а в.в со член 10 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, па оттука Судот најде дека во дејствието на тужителот се содржани сите битни елементи на прекршокот предвиден во 59 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, поради што правилно туженият орган постапувајќи по член 37 став 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, барањето од член 34 од овој закон го отфрли со оспориот заклучок.

Во прилог на наведенот е Одлука за измена на Ценовникот за аеродромски услуги и други услуги бр.02-208/1 од 31.12.2012 година, Анекс бр.2 склучен на ден 12.09.2024 година, кон Оперативен договор бр.03-273/1 од 29.03.2017 година, Анекс бр.3 склучен на ден 08.11.2024 година, кон Оперативен договор бр.03-273/1 од 29.03.2017 година, Договор за стекнување право за снабдување со гориво и мазиво на воздухоплови на Аеродром Скопје од 01.09.2000 година, од каде произлегува дека и покрај тоа што цената е измената не претставува повреда во смисла на одредбите од член 11 став 1 точка 3 од Законот за заштита на конкуренцијата, од причина што изменетите цени во рамки на Ценовникот за аеродромски услуги, се однесуваат кон сите правни субјекти, корисници на услуги, факт кој укажува дека сега тужителот не е ставен во понеповолна конкурентска позиција од останатите, ниту пак дека од страна на Операторот ТАВ Македонија ДООЕЛ била искористена неговата доминатна позиција.

Исто така, Судот најде дека правилно била спроведена постапката од страна на туженият орган, со тоа што по прием на Известувањето за постоење на околности кои укажуват на нарушување на конкуренцијата бр.0302-4174/1 од 11.11.2024 година, заведена кај органот под ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, туженият орган донел Заклучок за прибавување на податоци и документи, по што било доставени сите податоци и барање од Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје и од МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје до туженият орган, а врз основа на дотогаш утврдените заклучоци донел правилен и законит Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, со кој го отфрлил Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-45/1 од 11.11.2024 година, поднесено од „МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје, против Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, заради утврдување евентуален прекршок од член 11 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно член 37 став (1) и став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи од прибраните податоци и извршена анализа не произлегува дека постои индиции за постоење на злоупотреба на доминантна позиција.

Имајќи го во предвид наведеното, Судот оцени дека тужбата е неоснована, а оспореното решение е правилно и на закон засновано.

При одлучувањето, Судот ги ценеше наводите на тужителите, изнесени во тужбата, дека туженият орган при донесување на оспорено Заклучок погрешно и нецелосно ја уутврдил фактичката состојба и дека погрешна го применил материјалното право, како и тоа дека туженият орган сторил повреда на одредбите од член 10 став 1,член 56 став 1, а в.в со член 88 став 4 од Законот за општа управна постапка и член 60 став 1 од Законот за прекршоци, Судот истите ги оцени како неосновани од причина што од изведените докази особено од Известување и доставување на побарените информации заради постапување по Заклучок бр.09-61/3 од 14.03.2025 година, со прилозите кон истиот, доставено од тужителот МАКПЕТРОЛ“ А.Д. Скопје и Достава на податоци согласно Заклучок за прибавување на податоци и документи бр.09-61/1 од 14.03.2025 година, со прилозите кон истиот, доставено од Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје, произлегува дека туженият орган правилно ја применил член 10 од Законот за општа управна постапка, ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка, по службена должнос ги прибави, разгледа и обработи сите информациите, па врз основа на наведното и правилно го применил член 56 од ЗОУП и ги утврди сите фактите и околностите што се од значење за управното дејствие со изведување на потребните докази и податоци. По однос на повредата на член 88 од ЗОУП, удот истите ги оцени како неосновани од причина што од содржина на оспориот Заклучок ПП.бр.09-34/2 од 12.02.2026 година, на Комисија за заштита на

конкуренцијата на Република Северна Македонија, Комисија за одлучување по прекршок, произлегува дека истиот е согласно член 88 од ЗОУП и ги содржи сите задолжителни елементи на писмениот управен акт исто така и по структура.

Судот ги ценеше и останатите тужбени наводи, но истите не ги прифати бидејќи оцени дека правилно и во согласност со законските одредби во текот на постапката биле прибавени, изведени и оценети доказите кои се од релевантно значение за утврдување на сите факти. Заклучокот на туженият орган е во согласност со законот, а за својата одлука туженият орган дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој Суд.

Врз основа на изнесеното, Судот согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019), одлучи како во изреката на пресудата.

ОДЛУЧЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 01.10.2026 година, под УПРК.бр.8/2026.

Записничар–судски соработник
м-р Наташа Кузмановска

Судија
Имсале Хасани

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите солидарно да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13,Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави до:
- тужителот- преку полномошник
-ЗЛ.Друштво за трговија и услуги ТАВ Македонија ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Скопје,
- тужен орган

Судија
МЃ./ Имсале Хасани